Уп. бр. 08-91

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на улица на Максим Горки 11/1 3 кат, Скопје, Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 15.07.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на улица на Максим Горки 11/1 3 кат, Скопје во Република Северна Македонија ќе стекне поединечна контрола над Друштвото за телекомуникации Лајкамобајл ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 15, 1000 Скопје, во Република Северна Македонија по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 30.05.2024 година, а дополнето на 28.06.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, улица Максим Горки 11/1 3 кат, Скопје со која МТЕЛ ДООЕЛ Скопје ќе стекне поединечна

контрола над Друштвото за телекомуникации Лајкамобајл ДООЕЛ Скопје, бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 15, 1000 Скопје,, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**МТЕЛ ДООЕЛ Скопје**, е нотифициран телекомуникациски оператор од срана на Агенцијата за електронски комуникации на македонскиот пазар за електронски комуникациски услуги, поконкретно за: јавна радио-комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

Единствен содружник во МТЕЛ ДООЕЛ Скопје е Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија АД Белград Србија чија основната дејност е овозможување на телекомуникациски услуги, од кои се најзначајни услугите на домашниот и меѓународниот телефонски сообраќај, фиксни телефонски услуги, транзит на сообраќај, пренос  на податоците, закуп на линии, услуги на целото мрежно подрачје, дополнителни услуги во областа на мобилната телефонија, Интернет и мултимедиумски услуги.

Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје нема поврзани правни лица на територија на Република Северна Македонија.[1]

**Лајкамобајл ДООЕЛ Скопје** е нотифициран телекомуникациски оператор од страна на Агецијата за електронски комуникации во Република Северна Македонија, кое работи на пазарот за обезбедување на мобилни електронски комуникациски услуги.

Друштвото за телекомуникации Лајкамобајл ДООЕЛ Скопје нема поврзани правни лица на територија на Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1)  и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

[1] Комисијата за заштита на конкуренцијата со решение бр.08-31/2023 од 22.03.2023 година ја одобри концентрацијата со која МТЕЛ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на улица Максим Горки бр.11-1/кат 3, 1000 Скопје, ќе стекне контрола над друштвото НЕОТЕЛ ДОО Скопје, со седиште на булевар Кузман Јосифовски-Питу бр.15, 1000 Скопје

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**